Врз основа на член 73 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* (Службен весник на РСМ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РМ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови (Службен весник на РСМ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 мај 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на ООУ 11 ОКТОМВРИ Куманово УП2 09-44/26 од 27 јануари 2026 година против Фактури за испорачана електрична енергија бр.:
   1400110149 од 28.10.2025 за период 03.02.2022-31.12.2022,
   1501107114 од 28.10.2025 за период 03.02.2022-31.12.2022,
   1400110150 од 28.10.2025 за период 01.01.2023-31.12.2023,
   1501107115 од 28.10.2025 за период 01.01.2023-31.12.2023,
   1400110151 од 28.10.2025 за период 01.01.2024-31.12.2024,
   1501107116 од 28.10.2025 за период 01.01.2024-31.12.2024,
   1400110152 од 28.10.2025 за период 01.01.2025-31.04.2025,
   1501107117 од 28.10.2025 за период 01.01.2025-23.09.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ УВАЖУВА.

2. Фактурите за испорачана електрична енергија бр.:
   1400110149 од 28.10.2025 за период 03.02.2022-31.12.2022,
   1501107114 од 28.10.2025 за период 03.02.2022-31.12.2022,
   1400110150 од 28.10.2025 за период 01.01.2023-31.12.2023,
   1501107115 од 28.10.2025 за период 01.01.2023-31.12.2023,
   1400110151 од 28.10.2025 за период 01.01.2024-31.12.2024,
   1501107116 од 28.10.2025 за период 01.01.2024-31.12.2024,
   1400110152 од 28.10.2025 за период 01.01.2025-31.04.2025,
   1501107117 од 28.10.2025 за период 01.01.2025-23.09.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОНИШТУВААТ.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје да издаде нови фактури во кои надоместокот за потрошена електрична енергија во секоја одделна година за целиот период ќе биде пресметан по цени кои важеле во предметната година за мал потрошувач снабдуван од Универзалниот снабдувач, а истиот пристап да биде соодветно применет и за надоместокот за пренос и дистрибуција на електрична енергија, износот на комунална такса за јавно осветлување и ДДВ.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

ООУ 11 ОКТОМВРИ Куманово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-44/26 од 27 јануари 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1154526914 од 24.07.2025 за период 01.01.2020-17.06.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ), конкретно против висината на износот.

Според ЕВН ХОМЕ - постапено е по Решението за уважување на Приговор УП2 09-773/25 од 06.10.2025 година со издавањето на сега приговараните фактури.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 12 мај 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-44/26 од 27 јануари 2026 година со прилог:

-Приговараните фактури

-Решение за уважување на Приговор УП2 09-773/25 од 06.10.2025 година

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 2 февруари 2026 година со прилог:

-Извештај за отчитани состојби на броилото од 04.02.2025 година

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имено, бидејќи се работи за броило кое не било евидентирано во системот на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје подолго време, Регулаторната комисија за енергетика смета дека е неправилно на истиот да му се фактурира по цени кои важеле за Снабдувач во краен случај.

Оттука, пресметките треба да се изготват за соодветниот период како за мал потрошувач снабдуван од Универзалниот снабдувач.

Неотчитувањето на броилата за подолг временски период е неприфатливо и се смета за тешка небрежност на ОДС и не може неограничено да се префрлува на товар на потрошувачите.

Исто така, и потрошувачот што прифаќал фактури за испорачана електрична енергија со минимални износи во текот на повеќе години без да пријави очигледни нелогичности во истите, не може да се смета за целосно неутрален. Со своето недејствување потрошувачот придонел за продолжување на неправилната состојба и за нарушување на начелото за реципрочна доверба која мора да постои меѓу потрошувачот и ОДС.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–44/26**
**18 мај 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**